# УВОДНИ
# СТИХОВИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 јули 2025*

Ова утро ве поздравувам сите вас, драги браќа и сестри, драги гости и драги пријатели. Искрено сакам денешната средба со Господа да ни донесе богати благослови.

Да го читаме заедно пророштвото од книгата на пророк Исаија:

**„Затоа, Господ Сам ќе ви даде знак: Еве, девица ќе зачне и ќе роди син, и ќе му даде име Емануел!“ (Исаија 7,14)**

Што значи името на преткажаниот Божји Син? На ова прашање одговор ни дава евангелистот Матеј (1,23): „Ете, девојка ќе затрудни и ќе роди син, па ќе му даде име Емануел, што значи Бог со нас.“

Вдахнат со истиот Дух, Духот на пророштвото запишал:

„Господ Исус Христос бил едно со Отецот од вечни времиња; Тој бил ’Божји лик’, лик на неговата големина и величество, ’отсјај на неговата слава’ (Евреите 1,3). Тој дошол на нашиот свет да ја објави оваа слава. Тој дошол на оваа, со грев затемнета Земја, да ја открие светлината на Божјата љубов, да биде ’Бог со нас’. Затоа за него е пророкувано: ’Ќе му даде име Емануел’. Доаѓајќи да живее меѓу нас, Исус требало да им го открие Бога и на луѓето и на ангелите. Тој бил Божја реч - Божја мисла што можела да се чуе. Во својата молитва за своите ученици Тој рекол: ’Им го објавив името твое (Јован 17,26) - милостив и жалослив, бавно се гневи, богат со љубов и со верност - љубовта со која ме љубеше мене да биде во нив, и јас во нив’“ (*Копнежот на вековите,* стр. 8).

Исус сака да биде со нас, особено ова свето саботно утро. Сака да ни ја открие славата на својот небесен Отец и срцата да ни ги осветли со светлината на божествената љубов. Затоа и ние денеска да бидеме свесни за неговото присуство и да ги примиме неговите благослови!

*Сабота, 12 јули 2025*

**Читај од Библијата: „И Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како Единороден од Таткото - полн со благодат и вистина“ (Јован 1,14).**

Овие прекрасни зборови нека бидат увод во службата што со здружени срца му ја посветуваме на нашиот Господ и Спасител ова утро. Едновремено ве поздравувам сите и ви посакувам изобилни саботни благослови!

Божествената Реч, со која е создадено сѐ што гледаме и што не гледаме, станала тело. Божјиот Син станал Син човечки. **„И се настани меѓу нас.“** Тоа било начин да ни ја донесе благодатта и вистината и да ја видиме Неговата слава, „славата што ја има како Единороден од Таткото.“

Меѓутоа, ова не се единствените благослови што сме ги добиле од Бога благодарение на Христовото отелотворување. Духот на пророштвото бележи:

„Откако Исус дошол да живее меѓу нас, знаеме дека Бог ги познава нашите искушенија и сочувствува со нас во нашите жалости. Секој Адамов син и ќерка може да сфати дека нашиот Творец им е пријател на грешниците. Зашто во секоја наука за милоста, во секое ветување на радоста, во секое дело на љубовта, во секоја божествена привлечна сила што се покажала во животот на Спасителот на Земјата, ние гледаме дека ’Бог е со нас’...

Како човек, Тој требало да покаже пример на послушност. Поради тоа зел на себе наша природа и поминал низ нашите искуства. ’Затоа во сѐ мораше да стане сличен на своите браќа’ (Евреите 2,17). Кога би мораle ние да поднесеме макар и една ситница што Исус не ја поднел, сатаната заради таа ситница би тврдел дека Божјата сила е недоволна за нас. Поради тоа Христос ’во сѐ бил искушан како и ние’ (Евреите 4,15). Тој поднел секое искушение на кое сме изложени ние. Тој во своја корист

не употребил никаква сила што не ни е дарежливо понудена и нам. Како човек се соочил со искушението и го совладал со силата што му е дадена од Бога. Тој вели: 'Мило ми е, Господе, да ја извршувам волјата твоја, законот твој го носам длабоко во срцето" (Псалм 40,8)'" (*Копнежот на вековите,* стр. 12).

Божјата Реч денеска богато нека се всели во сите нас и нека ни даде сила да живееме како што живеел Тој!

*Сабота, 19 јули 2025*

Драги браќа и сестри и драги пријатели, денешната света служба на Бога сакам заедно да ја почнеме со текстот од **2. Мојсеева 3,2:**

**„Господов ангел му се покажа во распламнат оган од една капина. Тој се загледа: целата капина во пламен, а сепак не изгорува".**

Пасејќи го своето стадо на горета Хорив, одненадеж Мојсеј видел капина како гори а не согорува. Од таа капина му се јавил Господов ангел. Кој бил тој ангел?

Духот на пророштвото во книгата Копнежот на вековите дава одговор: „Грмушката што горела, во која Христос му се јавил на Мојсеја, го откривала Бога. Оваа малечка грмушка, привидно без привлечност, била симбол избран да го прикаже Божеството. Таа го криела Бесконечниот. Семилостивиот Бог ја криел својата слава со наједноставна слика за Мојсеј да може да го посматра и да живее. Така и во столбот од облак дење и во столбот од оган ноќе Бог одржувал врска со Израел, откривајќи им ја на луѓето својата волја и покажувајќи им ја својата милост. Божјата слава била придушена, а неговото величество завиткано во превез, со цел слабиот вид на ограничените луѓе да може тоа да го гледа. Така Христос требало да дојде во 'понижено тело' (Филипјаните 3,21), 'сличен на луѓето' (Филипја-

ните 2,7). Во очите на светот Тој немал убавина поради која би го посакале; сепак, бил отелотворен Бог, небесна и земна светлина. Неговата слава била обвиена со превез. Неговата големина и величество биле скриени за да може да им се приближи на тажните луѓе изложени на искушение’“ (*Копнежот на вековите,* стр. 11,12).

Денес во нас, грешни суштества кои ги загубиле Божјиот лик и неговата слава, сака да ни се објави Христос. Негова света желба е да го запали нашето срце и да ги разгори нашите мисли со оган од небесниот олтар. На тој начин Тој сака да нè привлече кон себе.

Господ денеска нека нè приготви да бидеме достојно орудие во неговата рака за спасение на луѓето кои уште не ја гледаат неговата слава!

*Сабота, 26 јули 2025*

Во име на водството на саботното утринско богослужение на сите ви посакувам обилни Божји благослови. Пред да ги здружиме нашите гласови во песна на фалбоспев, би го прочитале текстот од **Исаија 9,6**:

**„Зашто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта му е на рамото. Името ќе Му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот“.**

Исус се јавил како дете родено на нашата земја. Божјиот Син станал Син човечки. И не само тоа - „Син ни се даде.“ Божјиот Син се жртвувал за нас. Даден е за нашето спасение. Дадена му е секоја власт. Носел имиња што ја откриваат неговата слава, неговата сила и неговиот карактер.

„Со својот живот и со својата смрт Христос постигнал повеќе отколку само обновување на она што било уништено со гревот. Намера на сатаната била да предизвика вечна разделба

меѓу Бога и човекот; но во Христа ние сме стапиле во многу поинтимна заедница со Бога отколку никогаш да не сме паднале. Со тоа што зел наша природа, Спасителот се поврзал со човештвото со врска што никогаш нема да се раскине. Тој е поврзан со нас низ сета вечност. 'Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син' (Јован 3,16). Тој го дал не само да ги понесе нашите гревови и да умре како наша жртва; Тој му го подарил на паднатиот род. За да нѐ увери во непроменливоста на својата одлука за мир, Бог го дал својот единороден Син да стане член на човечкото семејство“ (*Копнежот на вековите,* стр. 13,14).

„Уште малку па ќе го видиме Царот во неговата красота. Уште малку и Тој ќе ги избрише сите солзи од нашите очи. Уште малку и Тој ќе нѐ 'постави чисти и радосни пред својата слава' (Јуда 24). Поради тоа, давајќи ги знаците за своето доаѓање, рекол: “Кога ќе почне да се случува тоа, исправете се и подигнете ги главите, зашто е близу вашето ослободување' (*Копнежот на вековите,* 549).

Како Божји народ, поучен со Светиот Дух и свесен за оваа спасоносна вистина, да му се поклониме ова утро „во света красота“ на нашиот Спасител, Господ Исус Христос!

*Сабота, 2 август 2025*

Драги браќа и сестри, драги наши пријатели, сите срдечно ве поздравувам во Господовиот дом! Иако сега е утро, сакам да ве потсетам на една вечер кога се слушнала песна што останала запишана на страниците на евангелието:

**„Слава на Бога во висините и на земјата мир, во луѓето добра волја!“ (Лука 2,14)**

„О, кога денеска човечкото семејство би можело да ја препознае оваа песна! Објавата што е дадена тогаш и мелодијата

што се слушнала во таа прилика, ќе се разлеваат до крајот на времето и ќе одекнува до сите земни краишта. Кога ќе изгрее Сонцето на правдата, со здравје на своите зраци, на таа песна ќе ѝ се возврати одглас од гласови на големо мноштво, како глас на силни води зборувајќи: Алелуја!

...Оддалеченоста меѓу небото и земјата денеска не е поголема отколку што била кога пастирите ја слушале ангелската песна. Човечкиот род исто толку е предмет на небесна грижа, како и во времето кога обичните луѓе со скромни занимања среде бел ден ги сретнувале ангелите и разговарале со небесните весници во лозјата и на полињата. Небото може да ни биде мошне близу и нам во нашето секојдневје. Ангелите од небесните дворови ќе ги придружуваат чекорите на оние што живеат според Божјите заповеди“ (*Копнежот* на вековите,стр. 28).

Нашиот Спасител, Бог, ова утро очекува од нас со нашиот глас и со сето срце да им се придружиме на ангелите и заедно со нив уште еднаш да му дадеме „Слава на Бога во височините!“

*Сабота, 9 август 2025*

Срдечно ве поздравувам на почетокот на ова богослужение во кое ќе се соединиме во оддавањето слава на Господа!

Во размислувањето за нашиот Спасител, нека нè водат зборовите што ги наоѓаме во Евангелието според Матеј:

**„И откако дојде се насели во градот наречен Назарет, за да се исполни реченото од пророците дека ќе се нарече Назареец“ (Матеј 2,23).**

„Детството и младоста Исус ги поминал во едно малечко планинско село. На Земјата не постои ниту едно место што не би било почестено со неговото присуство. Царските палати би уживале предимство да го примат како гостин. Меѓутоа, Тој ги

заобиколил домовите на богатите, царските дворови и славните центри на науката за да се настани во зафрлениот и презрен Назарет.“ (*Копнежот на вековите,* стр. 45).

„Оние што го согледуваат Христа во неговиот вистински карактер и го примаат во срцето, имаат вечен живот. Христос живее во нас со Духот, а Божјиот Дух, примен со вера во срцето, е почеток на вечниот живот“ (*Копнежот на вековите,* стр. 330).

Исус сака и денеска да живее во нас. Зар тоа не е најголема чест што може да ни ја укаже небото. Можеби меѓу луѓето сме непознати и непризнати, но Исус нè почестил со тоа што ќе живее во нас.

„Христос во нас“ нека биде извор на наша радост и среќа!

*Сабота 14 август 2025*

Драги браќа и сестри, драги наши пријатели, драги гости, на сите ви посакувам срдечно добредојде! Ова утро ви упатувам повик од Божјата реч:

**„Опеј ја славата на Неговото име, подај Му достојна фала“ (Псалм 66,2).**

За прекрасното водство до овој миг, за постојаната грижа за нас, за духовните благослови, за животот и здравјето, да му дадеме слава и фалба на светото Господово име! Духот на пророштвото ни открива една вистина за Исуса Христа. Во книгата „Копнежот на вековите“ ги читаме следните зборови:

„Радоста на своето срце често ја изразувал со пеење на псалми и небесни песни. Жителите на Назарет често го слушале неговиот глас како му упатува на Бога пофалби и благодарност. Тој со песна одржувал заедница со Небото, и кога неговите другари би се жалеле на умор од работата, би биле израдувани со некоја пријатна мелодија од неговите усни. Неговиот фалбоспев како да ги терал лошите ангели и како темјан

го исполнувал просторот со мирис. Мислите на неговите слушатели се пренасочувале од местото на нивното земно изгнанство кон небесниот дом“ (*Копнежот на вековите*,стр. 50).

И нас денеска песната нека нѐ разведри, охрабри и нашите мисли нека ги пренесе во небесната татковина.

*Сабота, 23 август 2025*

Уште едно саботно богослужение нѐ собра во света заедница со нашиот Спасител Исус Христос. Јас срдечно ве поздравувам повикувајќи ве со цело срце да го прославиме нашиот Господ.

**„Нашите нозе веќе стојат, на твоите врати, о Ерусалиме“ (Псалм 122,2).**

Ова се почетни стихови на победоносната песна што ја пееле Израелците, по долгиот пат, кога би ги забележале ерусалимските кули. Цел на нивното повеќедневно патување бил светиот град Ерусалим, во кој еднаш годишно се одржувал најголемиот еврејски празник - Пасха.

„Од секој дел на Палестина доаѓал голем број поклоници. Патувањето од Галилеја траело неколку дена и патниците се здружувале во големи групи заради друштво и заштита. Жените и старите лица јавале на волови или на магариња по стрмните и каменливи патишта. Посилните луѓе и младите патувале пеш. Празникот Пасха паѓал кон крајот на март и почетокот на април и целата земја била разиграна од цвеќе и радосна од птичји песни“ (*Копнежот* на вековите,стр. 52).

Ние денеска се наоѓаме на пат кон небесниот Ерусалим. Нашиот мил Бог нека даде наскоро да се сретнеме со пасхалното Јагне, жртвувано за нашето спасение, и да запееме победоносна песна!

*Сабота, 30 август 2025*

И ова утро, драги браќа и сестри, драги наши пријатели, Божјиот Дух нѐ здружил во едно семејство, и тоа не само овде на оваа земја, туку нѐ поврзал и со семејството на безгрешните светови. Зар тоа не е доволна причина покрај сите други благослови, да извикнеме заедно со псалмистот Давид:

**„Ете, колку е добро и колку е мило кога браќата живеат заедно“ (Псалм 133,1).**

„Додека се дружиме меѓусебно, можеме да си бидеме благослов еден на друг. Ако му припаѓаме на Христа, нашите најубави мисли ќе се занимаваат со него. Ќе сакаме да зборуваме за него и додека си зборуваме еден на друг за неговата љубов, нашите срца ќе омекнат од божествените влијанија. Посматрајќи ја убавината на неговиот карактер, ние ’се преобразуваме во истиот тој лик, секогаш сѐ прославен’“ (2. Коринќаните 3,18)“ (*Копнежот на вековите,*стр. 59).

Кога во текот на седмицата издвојуваме доволно време да се сретнеме со Христа преку неговата Реч, преку молитвата и размислувањето, нашите мисли не може а да не ја согледаат разликата во начинот на кој ќе се поставиме кон нашите ближни. Ако сме со Христа, ќе почнеме да се однесуваме како што се однесувал Тој. Ако учиме од неговиот пример, ние ќе ги сакаме ближните и ќе бидеме подготвени да постапуваме кон нив како што постапувал Тој.

Нашите најубави мисли ова утро да му ги посветиме на нашиот Спасител и да си бидеме навистина благослов едни на други!

*Сабота, 6 септември 2025*

Со срдечно добредојде ве поздравувам сите вас, драги браќа и сестри, и драги пријатели на Божјата вистина. Во овие први мигови од саботното утро да ја отвориме Библијата и да го читаме текстот од Исаија 40,3:

**„Гласот вика: ’Пригответе Му на Господа пат низ пустината. Израмнете ја патеката на нашиот Бог во степата’.“**

„Во старо време, кога некој цар патувал низ зафрлените делови на своето царство, група луѓе се упатени пред царските кочии да ги израмнат стрмните места и да ги пополнат длабнатините за царот да може без никакви пречки безбедно да патува. Овој обичај го искористил пророкот за сликовито да го прикаже делото на евангелието. ’Нека се издигнат сите долини и нека се спуштат сите брегови и гори!’“ (*Копнежот на вековите*, стр. 101).

„Спасителот копнее да ја открие својата милост кон светот и да го проникне со својот карактер. Тој е негова откупена сопственост и сака луѓето да ги направи слободни, чисти и свети. Иако сатаната настојува да ја спречи оваа намера, сепак со крвта пролеана за светот ќе се извојуваат многу победи што ќе му донесат слава на Бога и на Јагнето. Христос нема да биде задоволен сè додека победата не биде целосна и додека не ’се насити со нејзиното спознание’ (Исаија 53,11). Сите народи на Земјата треба да го чујат евангелието за неговата милост. Нема сите да ја примат неговата милост ’но потомството мое ќе му служи нему. За Господа ќе му со проповеда на следното поколение’ (Псалм 22,30)“ (Копнежот на вековите, стр. 719).

Заедно со овој коментар на Духот на пророштвото, ние би можеле да кажеме дека денеска постои истата потреба и дека Божјиот народ се наоѓа пред иста задача.

Господ нека нè исполни со силата на Светиот Дух за да можеме да го подигнеме гласот и на светот да му го објавиме доа-

ѓањето на Спасителот Исус Христос. Никој од нас нека не ја пропушти оваа прилика кога Бог, според своето ветување, го подига духот на своите деца и ги закрепнува за големото евангелско дело.

*Сабота, 13 септември 2025*

Поздравувајќи ве срдечно во овој молитвен дом, ве повикувам да си спомнеме за сите дарови што сме ги примиле од нашиот небесен Отец и затоа денеска да му оддадеме чест и да покажеме најтопла и најсрдечна благодарност.

**„Возљубени, сега сме Божји деца, и уште не се откри што ќе бидеме; но знаеме: кога ќе се открие ќе Му бидеме слични, зашто ќе Го гледаме Онаков Каков што е“ (1. Јованово 3,2).**

Во времето кога апостол Јован го пишувал ова послание, христијаните копнееле не само за духовна, туку и за телесна преобразба. Биле цврсто уверени, на темелот на Божјите ветувања, дека, кога ќе се појави Господ, ќе бидат како него, зашто ќе го „видат како што е“.

Овие зборови се придружени со вдахновениот текст на Духот на пророштвото: „Нашиот Откупител го отворил патот така што најгрешните, најзагрозените, најугнетените и најпрезрените можат да најдат пристап кон Отецот. Сите можат да имаат дом во домовите што Исус отишол да ги приготви. ’Ова го кажува Светиот, Вистинитиот, Оној што го има Давидовиот клуч; Оној што отвори - и никој не затвори; Оној што затвори - и никој не отвори... Види, ја отворив пред тебе вратата што никој не може да ја затвори’“ (Откровение 3,7.8)“ (*Копнежот* на вековите,стр. 82).

Секој од нас може да му пристапи на Бога зашто вратата е отворена и Милоста чека на нас. Додека се подготвуваме за небесниот дом, Бог сака да гледаме на него, а Тој ќе ни ја открие својата слава - „Бог дарежлив и милостив, долготрпелив на

гнев, многумилостив и вистински, искажува милост на илјадници, проштава опакост, грев и престап".

„Христовата прекрасна љубов ќе ги смекне и ќе ги потчини срцата, додека само со повторување на учењето не може ништо да се постигне. 'Тешете го, тешете го мојот народ, вели вашиот Бог.' 'Качи се на висока гора, Сионе, весниче на радосната вест! Подигни го силно гласот свој, Ерусалиме, весниче на радосната вест! Подигни се, не бој се, кажи им на градовите јудејски: Еве го вашиот Бог... Како пастир го пасе стадото свое, на раце ги зема јагнињата, ги носи во прегратки'" (Исаија 40,1.9-11). (Копнежот на вековите, стр. 365).

Драги браќа и сестри, да се покажеме денеска пред Бога онакви какви што сме, со желба, кога Тој ќе се покаже, да бидеме како него!

*Сабота, 20 септември 2025*

Верувам дека, почнувајќи го саботниот ден, сме ги одложиле световните товари и дека веќе сме ги примиле благословите што им ги ветил Бог на оние кои го љубат и го држат неговиот закон.

**„А Тој одговори и рече: 'Напишано е: Човекот не ќе живее само од леб, туку од секој збор, што излегува од устата на Бога'" (Матеј 4,4).**

Овие зборови го изразуваат искуството на Божјите деца. Тие се причина што денеска сме дошле во молитвениот дом - да му оддадеме на Творецот и на Спасителот чест и слава и да се нахраниме од неговата Реч.

Мошне свечени и сериозни се зборовите на Духот на пророштвото:

„Во пустината, кога изневериле сите средства на потпора,

Бог на својот народ му испратил мана од небото и им дал доволно и во постојано количество. Оваа грижа требало да ги поучи дека, додека се надеваат во Бога и одат по неговите патишта, Тој нема да ги заборави“ (*Копнежот на вековите,*стр. 90).

„Христос е голем центар, извор на секоја сила. Неговите ученици мора да примаат од него. Најумните, најдуховните можат да го подарат само она што го примиле. Сами од себе не можат да дадат ништо друго што ѝ е потребно на душата. Ние можеме да го дадеме само она што го примаме од Христа; и можеме да примаме само кога им даваме на другите. Колку даваме, толку ќе примаме; и колку повеќе делиме, сè повеќе ќе примаме. Така можеме постојано да веруваме, да имаме доверба, да примаме и да даваме.

Делото на градењето на Христовото царство ќе напредува, иако неговото напредување изгледа бавно, а неможностите како да сведочат против напредокот. Делото е Божје, па Тој ќе осигури средства и ќе испрати вистински помошници, ревни ученици, чиишто раце исто така ќе бидат полни со храна за мноштвото што умира од глад. Бог не е рамнодушен кон оние што работат со љубов пружајќи им ја речта на животот на душите што умираат, кои пак, од своја страна, посегнуваат по храна за другите гладни души.“

Светот околу нас денеска е гладен за духовна храна. Му благодариме на Господа што сме негов народ и што Тој ни овозможил секој ден да примаме мана од небото, неговата Реч, и да се храниме од неа. Да не дозволиме ниту една „трошка“ од оваа мана да падне на земја!

*Сабота, 27 септември 2025*

Драги браќа и сестри, драги наши пријатели и гости, сите срдечно ве поздравувам и сакам заедно да ја делиме радоста на спасението.

„Откако Исус дошол да живее меѓу нас, знаеме дека Бог ги познава нашите искушенија и сочувствува со нас во нашите жалости. Секој Адамов син и ќерка може да сфати дека нашиот Творец им е пријател на грешниците. Зашто во секоја наука за милоста, во секое ветување на радоста, во секое дело на љубовта, во секоја божествена привлечна сила што се покажала во животот на Спасителот на Земјата, ние гледаме дека 'Бог е со нас'".

**„Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израелов по оние дни, вели Господ: ќе го вложам Мојот закон внатре во нив, и ќе го напишам во срцата нивни, па Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ" (Еремија 31,3).**

Господ Исус Христос сака да го обнови својот завет со сите нас. Затоа да го отвориме своето срце за влијанието на Божјата реч! Да му го посветиме на Бога така за Тој да може во него да ги напише зборовите на својот завет! Тоа е единствен начин да бидеме припадници на неговиот народ, што Тој го одбрал преку него да го прослави своето име, а на светот да му ја објави веста на спасението!

Духот на пророштвото со две едноставни реченици ни укажува на таа вистина:

„Неговата милост му е осигурена на народот во чиешто срце е запишан Божјиот закон. Тие се едно со Него" (*Копнежот на вековите,* стр. 75).

Да му кажеме денеска искрено на нашиот Творец и Спасител дека сакаме да бидеме едно со него. Со својата голема љубов и милост, Тој нека нè благослови во тоа!

# ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
# 3/2025

**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**